Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/15
06.11 2023 год.
СКОПЈЕ

АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН

AUE FON
AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

# БИЛТЕН

БР. 2-2023/2024

Скопје, 06.11.2023

# С О Д Р Ж И Н А

Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област Финансии научната област Сметководство......................................................................................35

Реферат за избор на наставник од областа на  Бизнис менаџмент и Управување со перформанси на Факултетот за економски науки во состав на Американскиот Универзитет на Европа - ФОН Скопје……………………………………………………………………..42

Реферат за избор на наставник на Факултетот за информатика при Американскиот Универзитет на Европа - ФОН во Скопје......................................................................53

Реферат за избор на еден наставник во сите насловни звања од областа 51128 Социологија-Европска интеграција (друго).........................................................................................62

Преглед на наслови на теми за изработка на магистерски трудови усвоени на наставно-научните совети на Американскиот Универзитет на Европа – ФОН Билтен бр. 2 .. ...........67

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ И НАУЧНАТА ОБЛАСТ СМЕТКОВОДСТВО

Врз основа на конкурсот на Американскиот Универзитет на Европа – ФОН во Скопје, Факултет за економски науки – Скопје, објавен во весникот "Нова Македонија" од 15.09.2023 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област финансии (50326) и научната област сметководство (50328) и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, донесена на седницата одржана на 12.10.2023 година, формирана е Рецензентска комисија, во состав:

- проф. д-р Михаил Петковски – редовен професор во пензија на Економскиот факултет во Скопје, претседател
- проф. д-р Саво Ашталкоски – редовен професор на Американскиот Универзитет на Европа – ФОН, член
- проф. д-р Благоја Спиркоски – редовен професор во пензија на Американскиот Универзитет на Европа - ФОН, член

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област финансии (50326) и научната област сметководство (50328), се пријави само еден кандидат, д-р Радица Дишлиеска – Граматикова вработена на Факултетот за економски науки при Американскиот Универзитет на Европа - ФОН во Скопје како вонреден професор од научната област финансии и научната област сметководство.

Пријавата на кандидатката Радица Дишлиеска – Граматикова ја проучивме и по однос на истата ги изнесуваме следниве констатирани факти:

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Радица Дишлиеска - Граматикова е родена на 16 јули 1979 година во Струга, Република Македонија. Основното образование го завршила во родниот град со одличен успех. Средното образование го завршила во УСО "Св. Климент Охридски" - Охрид, (подоцна преименувано во СОСУ "Св. Кирил и Методиј" – Охрид), економска струка, со одличен успех.

Во 1998 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот " Св. Кирил и Методиј" на департманот за финансиски менаџмент. Дипломирала во октомври 2002 година со просечен успех 8.81.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик и делумно го владее германскиот и грчкиот јазик. Од компјутерските вештини активно се служи со MS Office; MS Visio; Outlook Express и Eviews.

Во учебната 2003/2004 година се запишала на последипломските студии од областа на монетарна економија на Економскиот факултет во Скопје и истите ги завршува со посечна оценка 8,11. Во јуни 2008 година, го одбранила магистерскиот труд на тема “Процесот на секјуритизација на меѓународниот пазар на хартии од вредност и искуствата на Република Македонија” под менторство на проф. д-р Михаил Петковски. Со јавната одбрана на магистерскиот труд, се стекнала со титулата магистер на економски науки од областа на монетарната економија.

Докторска дисертација пријавила во септември 2009 година на Економскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: “Влијанието на секјуритизацијата врз финансискиот систем на развиените и транзиционите економиии во услови на глобалната финансиска криза”, ја одбранила на 21 октомври 2013 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Владимир Филиповски, проф. д-р Михаил Петковски, проф. д-р Таки Фити, проф. д-р Љубе Трпески и проф. д-р Живко Атанасовски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област економски науки (PhD).

Во февруари 2005 година е избрана за помлад асистент по предметите Основи на економија, Монетарна економија и Банкарство, на Факултетот за економски науки при Првиот приватен ФОН Универзитет, во административното одделение во Струга. Во мај 2009 година е избрана за асистент по група предмети од областа на финансиите (Банкарска економија, Економија на инвестиции, Банкарски менаџмент, Финансиско планирање и анализа и Финансирање на бизнисот) и повторно е реизбрана во 2012 година. Нејзиниот научен интерес е фокусиран во сферата на финансиите, особено во доменот на монетарната анализа, хартиите од вредност и портфолио менаџментот, инвестициите и финансиските пазари и институции.

На 19.02.2014 година е избрана за доцент на Факултетот за економски науки при ФОН Универзитетот во Скопје во научната област финансии (50326).

На 17.01.2019 година е избрана во звањето вонреден професор по економски науки на Факултетот за економски науки при Првиот приватен универзитет - ФОН, во научната област финансии (50326) и научната област сметководство (50328).

Рецензентската комисија ги имаше во предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Факултетот за економски науки при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН во Скопје, кандидатката д-р Радица Дишлиеска – Граматикова изведува настава и вежби на прв циклус на студии на студиската програма Финансии, по предметите:

- Вовед во бизнис
- Основи на финансии
- Финансиско сметководство

- Финансиско планирање и анализа
- Корпоративни финансии
- Локални финансии
- Ревизија

Кандидатката д-р Радица Дишлиеска – Граматикова во рамките на периодот на избор, од 2019 до 2023 година изведува настава и вежби на специјалистички студии по предметите:

- Корпоративни финансии
- Инвестиции
- Ревизија

Кандидатката д-р Радица Дишлиеска – Граматикова изведува настава и вежби на втор цилус на студии на насоката Финансии и банкарство, по предметите:

- Инвестициски менаџмент
- Монетарна анализа
- Современи концепти за парите и кредитот

Во изведувањето на наставно-образовната дејност, кандидатката настојува преку суштински приод да оствари максимални резултати користејќи иновативни методи познати во современата домашна и странска наставно-образовна практика. Тоа претставува резултат на нејзиното долгогодишно постојано истражување, продлабочување и иновирање на методите и техниките за водење на настава, за интеракција со студентите и изнаоѓање на конкретни примери за доближување на апликативните димензии на наставната материја. Кандидатката д-р Радица Дишлиеска – Граматикова континуирано ги следи современите научни и истражувачки достигнувања во научните области за кои се избира со овој реферат.

Кандидатката е коавтор на рецензиран учебник под наслов "Вовед во современиот бизнис", во издание на Матица Македонска од 2023 година.

Покрај предавањата и секојдневните консултации со студентите, кандидатката посебно внимание и грижа посветува на индивидуалните и групните проектни задачи на студентите, а како ментор на дипломските работи, специјалистичките и магистерските трудови, со цел да ги унапреди истражувачките потенцијали на студентите од сите академски години на студирање на прв и втор циклус студии. Кандидатката подготвувала и материјали за предмети од прв и втор циклус на студии.

Кандидатката во периодот до избор била ментор на повеќе дипломски работи, специјалистички трудови и магистерски трудови, а учествувала и како член во комисиите за нивна јавна одбрана.

Кандидатката има добиено акредитација за ментор на студенти од втор циклус на студии од Одборот за акредитација и евалуација во високото образование.

**<u>Научно-истражувачка дејност</u>**

Кандидатката д-р Радица Дишлиеска – Граматикова, во последниве пет години остварила забележителни успеси и во научноистражувачката дејност, што се изразува преку објавување на 7 научни и стручни трудови од областа на финансиите и сметководството, од кои 2 научни труда во научни списанија со импакт фактор (фактор на влијание), 3 труда во меѓународни научни списанија и 2 научни труда објавени во зборници од меѓународни научни конференции.

**Позначајни трудови до изборот за доцент:**

1. Дишлиеска Р., (2008), Процесот на секјуритизација на меѓународниот пазар на ХВ и искуствата на Република Македонија. Магистерски труд
2. Dishlieska Radica, (2009), "Global Financial Crisis on the Process of Securitization in US and European Capital Markets". UACS. June 2009.

3. Дишлиеска Р., (2009), "Идните перспективи за развојот на пазарот на секјуритизаци-јата во РМ". Годишник на ФОН Универзитет, јуни 2009.
4. Дишлиеска Радица. (2013), "Влијанието на секјуритизацијата врз финансискиот систем на развиените и транзиционите економии во услови на глобалната финансиска криза". Докторска дисертација.
5. Radica Dishlieska and Blagoja Spirkoski, (2014), "Restraints and prospects for the process of securitization in Republic of Macedonia", 301-310 pp, UDC 336.719.2 (497.7), International magazine for social sciences "Vizione" Nr. 21/2014, Open Access Journals, ProQuest&Cite Factor, First Published in 2004, ISSN: 1409-8962- printed form.
6. Blagoja Spirkoski and Radica Dishlieska, (2014), "Twin Deficit and Case of Republic of Macedonia", 313-326 pp, UDC 336.719.2 (497.7), International magazine for social sciences "Vizione" Nr. 22/2014, Open Access Journals, EBSCO (2014) ProQuest&Cite Factor, First Published in 2004, ISSN: 1409-8962- printed form.

**Позначајни трудови од изборот во Доцент:**

1. Spirkoski B., Dishlieska R., (2014), "Macedonian public debt before, during and after global and debt financial crisis", Scientific Conference: "The Great Recession and crisis of neoliberal economics", organized by EDUKONS University , Sremska Kamenica, Republic of Serbia, May 2014.
2. Dishlieska R., Spirkoski B., (2014), "USING KNOWLEDGE MANAGEMENT WITHIN SMALL AND MEDIUM – SIZE ENTERPRISES", International scientific conference: KNOWLEDGE – CAPITAL OF THE FUTURE, Bansko, Bulgaria, Nov. 2014, print Knowledge International Journal Scientific and applicative papers Vol.4, Institute of knowledge management, Skopje, 2014, pp.89-93, ISBN 978-608-65653-8-1, COBISS.MK-ID 97384202.
3. Spirkoski B., Dishlieska R., (2014), "CREDIT RISK AND LOAN LOSS RESERVING, CASE OF MACEDONIAN BANKS", International scientific conference: KNOWLEDGE –CAPITAL OF THE FUTURE, Bansko, Bulgaria, Nov. 2014, print Knowledge International Journal Scientific and applicative papers Vol.7, Institute of knowledge management, Skopje, 2014, pp.24-29, ISBN 978-608-65653-7-4, COBISS.MK-ID 97382922.
4. Spirkoski B., Dishlieska R., (2015), "RISK ASSESSMENT AND PRICE OF LEASE FOR AN APARTMENT, CASE STUDY IN SKOPJE", International scientific conference: KNOWLEDGE FOR CAPABILITIES AND SKILLS, Bansko, Bulgaria, Dec.2015.
5. Dishlieska Gramatikova R., Spirkoski B., (2018), **"Financial System Development and Economic Growth in the Eastern European Countries",** Knowledge – International Journal Scientific Papers, Vol.24, July, 2018, pp.71
6. Spirkoski B., Dishlieska Gramatikova R., (2018), **"Historical Overview of the Employee's Shareholders in the Republic of Macedonia",** Knowledge – International Journal Scientific Papers, Vol.24, July, 2018, pp.101
7. Dishlieska Gramatikova R., Spirkoski B., (2018), **"Consequential effects of Budget Deficit on Economic Growth of the Republic of Macedonia",** 389-398 pp, UDC 336. 143. 232 : 338 .121 (497.7), International magazine for social sciences "Vizione" Nr. 30/2018, Open Access Journals, EBSCO (2018) ProQuest&Cite Factor, First Published in 2004, ISSN: 1409-8962- printed form.
8. Dishlieska Gramatikova R., Spirkoski B., (2018), **"The Impact of Interest Rate Margin on the Profitability of Three Major Commercial Banks in the Republic of Macedonia",** 435-448 pp, UDC 336. 71 (497.7), International magazine for social

sciences “Vizione” Nr. 30/2018, Open Access Journals, EBSCO (2018) ProQuest&Cite Factor, First Published in 2004, ISSN: 1409-8962- printed form.

9. Spirkoski B., Dishlieska Gramatikova R., (2018), **“Are fiscal consolidation and sustainable growth rates feasible simultaneously in the Republic of Macedonia”,** 295-305 pp, UDC 336.02 (497.7), International magazine for social sciences “Vizione” Nr. 30/2018, Open Access Journals, EBSCO (2018) ProQuest&Cite Factor, First Published in 2004, ISSN: 1409-8962 - printed form.

**Позначајни трудови од изборот во вонреден професор:**

1. Дишлиеска Граматикова, Р., Спиркоски, Б. (2023). Вовед во современиот бизнис. Скопје: Матица Македонска, ISBN 978-608-10 -1006-0.
2. Dishlieska Gramatikova, R., Risteska, K. (2022), **“The Relationship between Interest Rate and Exchange rate in a Small Open Economy: The Case of Republic of North Macedonia”**, 345-360 pp, UDK 336.781.5:339.743 (497.7), International magazine for social sciences “Vizione” Nr. 39/2022, Open Access Journals, EBSCO (2014) ProQuest&Cite Factor, First Published in 2004, ISSN: 1409-8962- printed form.
3. Dishlieska Gramatikova, R. (2022), **“Effects of budget deficit and money supply on inflation: empirical evidence from the Republic of North Macedonia”**, 01-10 pp, e- ISSN:2321-5933, *IOSR Journal of Economics and Finance, Volume 13, Issue 6, Ser. II (Nov. – Dec. 2022)*, ISSN: 2321-5925 – printed form.
4. Dishlieska Gramatikova, R. (2023), **“The Relationship between Public Expenditures, Inflation and Eonomic Growth in the Souteastern European Economies”**, 35-41 pp, ISSN (online): 2347-3002, Quest Journals - Journal of Research in Business and Management, Volume 11, Issue 2 (2023).
5. Ashtalkoska, I., Kantargjieva, M., Dishlieska Gramatikova, R. (2023), **“Employees Performance Appraisal as a Factor for Raising Enterprises Competitiveness”**, 79-87 pp, Sixth International Scientific Conference: CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY»ISCTBL 2023«, UDK: 005.332.1-057.16]:334.72:339.137}:303.71, 19 May 2003.
6. Arsovski, L., Dishlieska Gramatikova, R. (2023), **“The inflation process and expectations in the Republic of North Macedonia: An economic analysis”**, 177-189 pp, UDK: 338.23:336.748.12(497.7), International magazine for social sciences “Vizione” Nr. 41/2023, Open Access Journals, EBSCO (2014) ProQuest&Cite Factor, First Published in 2004, ISSN: 1409-8962- printed form.
7. Dishlieska Gramatikova, R. (2023), **“The Causal Relationship among Trade Openness, Foreign Direct Investment and Economic Growth: Evidence from the Republic of North Macedonia”**, 44-51 pp, ISSN (online): 2347-3002, Quest Journals – Journal of Research in Business and Management, Volume 11, Issue 9 (2023).
8. Arsovski, L., Ashtalkoski, S., Dishlieska Gramatikova, R. (2023), **“The Impact of Unrecognized Expenses on the Operation of the Macedonian Enterprises”**, 44-50 pp, Международна научна конференция: Икономика на бъдещето, ВУЗФ, ISBN: 978-619-7622-56-0, April, 2023.

**Стручно-апликативна дејност**

Покрај наставно-образовната и научно-истражувачката дејност, кандидатката д-р Радица Дишлиеска – Граматикова била особено активна и во стручно-апликативната дејност, односно на повеќе полиња од поширок академски и општествен интерес.

Кандидатката е активно вклучена во изработката на студиските програми од прв

и втор циклус на студии на насоката Финансии.

Особена активност, кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Кандидатката д-р Радица Дишлиеска – Граматикова активно е вклучена во неколку стручни комисии на Факултетот за економски науки при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН во Скопје и тоа:

1) ЕКТС координатор за академски развој;
2) Член на Комисијата за самоевалуација;
3) Претседател на конкурсната комисија за упис за академската 2022/2023 и 2023/2024 година.

Кандидатката е именувана за член на Комисијата за акредитација на Американскиот Универзитет на Европа – ФОН пред АЦБСП-акредитација.

Д-р Радица Дишлиеска – Граматикова од мај 2023 година е избрана за претседател на Универзитетскиот сенат на Американскиот Универзитет на Европа – ФОН.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката д-р Радица Дишлиеска – Граматикова во периодот од последниот избор во звањето вонреден професор до денес, во континуитет добива висока просечна оценка по предметите кои ги предава на прв и втор циклус на студии, на анонимно спроведените анкети на студентите на Факултетот за економски науки при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставените конкурсни материјали, Рецензентската комисија констатира дека единствен пријавен кандидат на конкурсот објавен од Американскиот Универзитет на Европа - ФОН во дневниот весник „Нова Македонија“ на ден 15.09.2023 година, за избор на наставник во научните области: финансии (50326) и сметководство (50328) е вонр. проф. д-р Радица Дишлиеска – Граматикова. По проучувањето на приложената документација од кандидатката и увидот во нејзините објавени трудови, Комисијата е едногласна во мислењето дека:

- Кандидатката ги исполнува сите законски, статутарни и нормативни критериуми за избор во звањето редовен професор во научните области: финансии и сметководство.
- Кандидатката поседува високи наставно-образовни, научно-истражувачки и стручно-апликативни квалитети. Со нејзината работа како наставник во звањето вонреден професор, кандидатката се потврди како исклучителен и трудољубив наставник и педагог во остварувањето на нејзините наставно-образовните обврски, коишто со целосна посветеност и професионалност ги извршуваше. Всушност, овие квалификации за кандидатката се резултат на нејзиното постојано усовршување и континуирано истражување, продлабочување и иновирање на методите и техниките на настава, како и на постојаното следење на современата научна литература за научните области во кои се избира.
- Особено треба да се истакнат значајните резултати кои кандидатката ги остварила во нејзината научно-истражувачка активност, кои може да се забележат преку научните трудови објавени во реномирани списанија и меѓународни научни конференции. Треба да се истакне дека кандидатката како солиден истражувач успешно ги користи современите методи на истражувањето, а посебно економетриските методи и компјутерската програма Eviews за нивно решавање. Кандидатката се истакнува со нејзината јасност и прецизност во дефинирањето на проблемите

на истражување, голема длабочина во предметот на истражувањето и примена на научна методологија на истражување, соодветна на комплексноста на проблемот на истражување, со користење на економетриски модели. Всушност, кандидатката потврдува дека поседува изразен потенцијал за понатамошни, покомплексни економски и финансиски истражувања, кои ќе придонесат за нејзино развивање како вреден и креативен научен работник.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата со полна увереност и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН во Скопје, **кандидатката д-р Радица Дишлиеска – Граматикова да биде избрана во звањето редовен професор во научните области:** финансии (50326) и сметководство (50328)**.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. Проф. д-р Михаил Петковски, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Саво Ашталкоски, член, с.р.

3. Проф д-р Благоја Спиркоски, член, с.р.

Скопје
Октомври, 2023 година

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК
## ОД ОБЛАСТА НА БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ И УПРАВУВАЊЕ СО ПЕРФОРМАНСИ
## НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ ВО СОСТАВ НА АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот, распишан во весникот Нова Македонија од 15.09.2023 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во областа на бизнис менаџмент 50603 и управување со перформанси (друго) 50329, и врз основа на одлуката на Наставно - научниот совет на Факултетот за економски науки при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН донесена на 12.10.2023 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

- Д-р Роберт Димитровски, редовен професор - претседател,
- Д-р Кирил Постолов, редовен професор - член,
- Д-р Мирко Трипуноски, професор емеритус - член.

По прегледот на доставената документација, врз основа на Законот за високо образование и Статутарните одредби на Американскиот Универзитет на Европа - ФОН од Скопје, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен од Американскиот Универзитет на Европа - ФОН во дневниот весник Нова Македонија од 15.09.2023 година, за избор на наставник од областа на бизнис менаџмент 50603 и управување со перформанси (друго) 50329 се пријави еден кандидат и тоа: вонр. проф. д-р Ирена Ашталкоска.

Пријавата на кандидатката вонр. проф. д-р Ирена Ашталкоска ја проучивме и по однос на истата ги изнесуваме следниве констатирани факти:

### Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Ирена Ашталкоска е родена на 19.04.1981 год. во Струга, Република Македонија. Основното образование го завршува во основното училиште “Браќа Миладиновци” во родниот град. Средното образование го завршува во Државното средно училиште “Нико Нестор” во Струга, насока природно математичка гимназија, со континуиран одличен успех.

Дипломира на Економскиот факултет, при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје на 13.01.2005 година по успешната одбрана на својата дипломска работа, со што се стекнува со звање **дипломиран економист од областа на менаџментот.**

На постдипломски студии на Економскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје на насоката менаџмент се запишува во учебната 2005/2006 година, каде предвидените испити од наставната програма ги положува со среден успех 9,22. Во октомври 2008 година го пријавува својот магистерски труд на тема: “Управување со флуктуацијата и апсентизмот во организацијата”. На 10.11.2009 година година Ашталкоска успешно го одбранила магистерскиот труд со што се здобива со научен степен **магистер по економски науки од областа на менаџментот**.

Во Октомври 2011 година ја пријавува својата докторска дисертација на Економскиот институт при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје на тема: “Улогата и значењето на процесот на управување со перформансите на вработените за зголемувањето на развојните потенцијали на организациите”. На 18.12.2013 година Ашталкоска успешно ја одбранила докторската дисертација пред комисија во состав: проф. д-р Васил Поповски, проф. д-р Биљана Ангелова, проф. д-р Кирил Постолов, проф. д-р Верица Јаневска и доц. Д-р Елена Давитковска, со што се здобива со научен степен **доктор по економски науки**.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик и компјутерски вештини.

**Професионална кариера**

- **2002-2004** - Управител на фирмата ДООЕЛ „Настел“ - Струга. Како управител се занимава со организација, планирање, стратегиски развој и други менаџерски активности.
- **2005-2008** – Помлад асистент на Факултетот за економски науки, Прв приватен Европски Универзитет. Покрива група предмети од областа на економијата и менаџментот.
- **2008-2010** – Помлад асистент на Прв приватен Универзитетот ФОН. Покрива група предмети од областа на економијата и менаџментот.
- **2010–2014** - Асистент на Прв приватен Универзитетот ФОН. Покрива група предмети од областа на економијата и менаџментот.
- **2014–2019** - Прв приватен Универзитетот ФОН, каде на Факултетот за економски науки е избрана во наставно-научно звање **доцент во областа на бизнис менаџментот.** Покрај одржувањето на редовни предавања и менторирањето на кандидати, со свои реферати учествува на повеќе меѓународни и домашни научни конференции и семинари.

- **2019** – Американски Универзитет на Европа - ФОН, каде на Факултетот за економски науки е избрана во наставно-научно звање **вонреден професор во областа на бизнис менаџментот и управување со перформанси.** Покрај одржувањето на редовни предавања и менторирањето на кандидати, со свои реферати учествува на повеќе меѓународни и домашни научни конференции и семинари.

Како доцент Ирена Ашталкоска во периодот од 2014 до 2018 година држи настава на следните факултети на Универзитет ФОН:

- Факултет за економски науки,
- Факултет за странски јазици,
- Факултет за спортски менаџмент, и
- Факултет за информатика.

Како доцент на додипломски студии во периодот од 2014 до 2018 година ги предавала предметите:

- Основи на менаџмент,
- Менаџмент на мал бизнис,
- Менаџмент на човечки ресурси,
- Менаџмент информациони системи.

На специјалистички студии во периодот од 2014 до 2018 година ги предавала предметите:

- Лидерство,
- Менаџмент на промени,

На последипломски студии во периодот од 2014 до 2018 година ги предавала предметите:

- Иновација и развој на нови производи и услуги,
- Бренд менаџмент,
- Управување со резултати.

Како Вонреден професор Ирена Ашталкоска во периодот од 2019 до 2023 година држи настава на следните факултети на АУЕ- ФОН:

- Факултет за економски науки,
- Факултет за странски јазици,
- Факултет за спортски менаџмент, и
- Факултет за информатика.

Како Вонреден професор на додипломски студии ги предава предметите:

- Основи на менаџмент,
- Менаџмент на мал бизнис,
- Менаџмент на човечки ресурси,

- Менаџмент информациони системи,
- Лидерство,
- Иновација и развој на нови производи и услуги и
- Управување со промени.

Како Вонреден професор на специјалистички студии ги предава предметите:

- Менаџмент на човечки ресурси
- Менаџмент на промени и
- Управување со резултати

Како Вонреден професор на втор циклус на студии ги предава предметите:

- Бренд менаџмент,
- Управување со резултати,
- Иновативен менаџмент.

**Учествувала во работата на повеќе комисии и тела на универзитетот, меѓу кои:**

- Комисијата за Самоевалуација на Факултетот за економски науки во рамките на Универзитетот АУЕ-ФОН- претседател,
- Универзитетско тело за уписна политика – член,
- Универзитетско тело за подготовка на нови програми – член,
- Изборна комисија за спроведување на изборите на членовите на Студентското собрание, Факултетот за економски науки, член
- Координатор за човечки ресурси на АУЕ-ФОН, и др.

Кандидатката вонр. проф. д-р Ирена Ашталкоска била ментор во изработка на 40 дипломски трудови, 28 специјалистички трудови и 31 магистерски труд, претседател и член на комисии за оцена и одбрана на истите. Исто така била екстерен ментор за изработка на 2 докторски трудови на Економскиот факултет при Универзитетот Гоце Делчев во Штип.

Била член на 4 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

Рецензент е на меѓународни трудови во меѓународни списанија, меѓу кои Economic Research-Ekonomska Istraživanja, Center for culture, education and media AKADEMAC. Членува во научни и издавачки одбори на меѓународни научни списанија, публикации и конференции: INTRADERS International Conferences On International Trade, International Conference of Social and Technological Development – University PIM. Исто така рецензент е на Универзитетски учебник Меѓународен менаџмент.

**Учествувала во научно-истражувачки и стручни проекти од национален и меѓународен карактер, меѓу кои:**

- 01.09.2022-31.05.2023 – “The Fundamental od Media Literacy”, USAID & IREX, Faculty of economics - AUE-FON

- 23.12.2020-03.12.2021 - "Strengthening country capacities for climate change adaptation and mitigation and finalization of Country Work Programme for the Republic of Nort Macedonia", FAO, UNDP, National private sector specialist
- 01.09.2016-03.12.2016 - "Management skills (leadership development, engagement of employees, change management)" Edukativa plus, Macedonia
- 12.05.2016-01.10.2016 - The project "Taking the road to employment – developing new skills and knowledge for unemployed persons" under the program Erasmus+, /Agreement – 2014-1-MK01-KA204-000246/ funded with support from the European Commission. Training Centre C.E.S., Skopje, Macedonia
- 1.09.2009-30.06.2010 project of Ministry of Education of the Republic of Macedonia "Modernization of education in Macedonia", FON University, Skopje, Macedonia
- 2010-2019 - "Factory of knowledge" project of FON University for raising the capacity of students to solve specific problems in the business sector, FON University, Skopje

**Ашталкоска се јавува како автор и/или коавтор на повеќе научни и стручни трудови, меѓу кои:**

**Позначајни научни и стручни трудови од изборот во вонреден професор:**

- **The impact of performance management process on the organizational success of SMEs**, SCIENCE International journal, doi: 10.35120/sciencej0203049a UDK: 334.72.012.63/.64:005.332.1]:303.71(497.7) September, 2023, p. 49-53
- **"Employees Performance Appraisal as a Factor for Raising Enterprises Competitiveness"** Sixth International scientific Conference, Goce Delchev University, Shtip, ISCTBL May, Skopje, 2023, p.79- 86
- **"Implementing Innovation as One of the Key Success Factors in the Private Schools"** VIZIONE International magazine for social sciences, Open access journal EBSCO, ISSN: 1409-8962 – print form, ISSN: 1857-9221 electronic form, 39/22, Skopje, June, 2022, p. 371-379
- **"Barriers that Affect the Social Enterpreneurship"** VIZIONE International magazine for social sciences, Open access journal EBSCO, ISSN: 1409-8962 – print form, ISSN: 1857-9221 electronic form, 39/22, Skopje, June, 2022, p. 393-401
- **"TQM and marketing: two-prong contribution towards customer satisfaction"** KNOWLEDGE - International Journal, Vol. 51(1), ISSN 1857-923X (for e-version), ISSN 2545-4439 (for printed version), March 2022, 133–137

- **“Linking a reward system with employees performance - a factor in increasing the competitiveness of organizations”** VIZIONE International magazine for social sciences, Open access journal EBSCO (2014), ISSN: 1409-8962 – print form, ISSN: 1857-9221 electronic form, 38/22, Skopje, January, 2022, p.293-301
- **“Effective team leadership as a key factor for increasing the organizational performance in the Republic of North Macedonia”** International May Conference on Strategic Management - IMKSM 2021, Volume XVII, Issue (2) (2021), Technical Faculty in Bor, Srbija, Maj 28-30, 2021, accepted in the EBSCO Host base, ISSN 2620-0597, p. 85-92
- **“The role and importance of the relationship marketing as a factor for success in business entities”** VIZIONE International magazine for social sciences, Open access journal EBSCO (2014), ISSN: 1409-8962 – print form, ISSN: 1857-9221 electronic form, 36/21, Skopje January, 2021 p.307-316
- "**Process of employees training and its impact on organizational performance**, KNOWLEDGE" (2020) International Journal, 40(1), ISSN 1857-923X (for e-version), ISSN 2545-4439 (for printed version), p. 195–200
- **“The impact of strategic human resource management on organizational performance”** KNOWLEDGE International Journal Scientific papers Vol. 35.1 Institute of knowledge management, Bansko, Bulgaria, December, 2019, ISSN 1857-923X (for e-version), ISSN 2545-4439 (for printed version), Global impact and quality factor 1,322 (2016), pp. 327-332
- **“The impact of leadership styles on employee turnover in the organization”** KNOWLEDGE International Journal Scientific papers Vol. 31.1 Institute of knowledge management, Budva, Montenegro, June, 2019, ISSN 1857-923X (for e-version), ISSN 2545-4439 (for printed version), Global impact and quality factor 1,322 (2016), pp.265-271

**Позначајни трудови од избор за Доцент:**

- **“The negative effect of employee turnover in business operations in the organization”** VIZIONE International magazine for social sciences, Open access journal EBSCO (2014), ISSN: 1409-8962 – print form, ISSN: 1857-9221 electronic form, UDC:005.32: 331.101.3]: 336.71 (497.7), p.343-354, , Skopje July, 2018
- **“Role and support of the state for innovation as a factor for the development of the economy”** XIV International May Conference on Strategic Management – IMCSM18 May 25 – 27, 2018, Bor, Serbia, An international publication for theory and practice of Management Science, Book of proceedings, University of Belgrade, Srbija, 2018, accepted in the EBSCO Host base, ISBN 978-86-6305-082-2, p. 498-506

- **“The role and impact of organizational culture on organizational performance in the Republic of Macedonia**” KNOWLEDGE International Journal Scientific papers Vol. 23.1 Institute of knowledge management, Budva, Montenegro, May, 2018, ISSN 1857-923X (for e-version), ISSN 2545-4439 (for printed version), Global impact and quality factor 1,322 (2016), pp.261-267
- **“The importance of talent management in corporate governance”** KNOWLEDGE International Journal Scientific papers Vol. 20.3 Institute of knowledge management, Bansko, Bulgaria, December, 2017, ISSN 1857-923X (for e-version), ISSN 2545-4439 (for printed version), Global impact and quality factor 1,322 (2016), pp.12431-1247
- **“The impact of teamwork on organizational success”** KNOWLEDGE International Journal Scientific papers Vol. 18.1 Institute of knowledge management, , ISSN 1857-923X (for e-version), ISSN 2545-4439 (for printed version), Global impact and quality factor 1,322 (2016), pp.61-67, Skopje, 2017
- **“The impact of conflict management on organizational performance**” VIZIONE International magazine for social sciences, Open access journal EBSCO (2014), ISSN: 1409-8962 – print form, ISSN: 1857-9221 electronic form, UDC:005.32: 331.101.3]: 336.71 (497.7), p.309-321, Vizione 25/2016, Skopje 2017
- **“The impact of process of managing results on the profitability of organizations**” XIII International May Conference on StrategicManagement - IMKSM 2017, Book of proceedings, Technical Faculty in Bor, Srbija, Maj 19-21, 2017, accepted in the EBSCO Host base, ISBN 978-86-6305-042-6, p. 313-320
- **“The impact of planning the performance of the employees on organizational performance in the small and medium enterprises”**, IMPACT: International Journal of Research in Business Management (IMPACT: IJRBM), ISSN(P): 2347-4572; ISSN(E): 2321-886X, Vol. 4, Issue 11, Impact Factor: 2.9867, ICV Factor: 59.44; NAAS Rating: 3.09, IBI Factor: 2.7; Nov 2016, pp. 47-54
- **“E-banking as a prerequisite for improving market positioning of companies in Republic of Macedonia”,** KNOWLEDGE International Journal Scientific and Applicative Papers V15.3 Institute of knowledge management, Bansko, Bulgarija, 2016, ISSN 1857-92, Global impact and quality factor 1,025 (2015), pp.945-952
- **“The link between the alignment of the individual goals with the organizational goals and organizational performance”**, XII International May Conference on StrategicManagement - IMKSM 2016, Book of proceedings, University of Belgrade, Srbija, 2016, accepted in the EBSCO Host base, ISBN 978-86-6305-042-6, p. 438-446
- **“ The use of ict as a tool for improvement of the communication between the local government and the citizens**”, International

Scientific Conference on “POWER OF COMMUNICATION 2016”, Proceedings, Pan-European University Apeiron, Banja Luka, 2016, ISBN ISBN 978-99955-91-90-8, p.197-210

- **“The relationship between job satisfaction of employees and success of organizations in the Republic of Macedonia**” KNOWLEDGE International Journal Scientific and Applicative Papers V12/1 Institute of knowledge management, 2016, ISSN 1857-92, Global impact and quality factor 1,025 (2015), pp.81-86
- **“The meaning of motivation of human capital in banks in the Republic of Macedonia** ”, VIZIONE International magazine for social sciences, Open access journal EBSCO (2014), ISSN: 1409-8962 – print form, ISSN: 1857-9221 electronic form, UDC:005.32: 331.101.3]: 336.71 (497.7), p.309-321, Vizione 25/2016, Skopje
- “**The application of different methods of funding and their effects on the financial sustainability of the civil society organizations**”, KNOWLEDGE International Journal Scientific and Applicative Papers V10/1, Institute of knowledge management, 2015, ISSN 1857-92 Global impact and quality factor 1,025 (2015)p. 218-221
- **“Relationship between career development of employees and financial performance of organizations”,** KNOWLEDGE International Journal Scientific and Applicative Papers V10/1, Institute of knowledge management, 2015, ISSN 1857-92, Global impact and quality factor 1,025 (2015) p. 231-236
- **“The role and importance of assessing employee performance on the success of organizations in the Republic of Macedonia**”, Journal of Process Management - New Techologies - JPMNT-International, Republic of Srbia, ISSN: 2334-7449 (Online), as Special Edition Vol. 9. May 2015, Index Copernicus Journals Master List 2012, ICV 2012: 4.09, pp 137-143,
- “**The future of banking institutions under conditions of digitalization**”, Journal of Process Management - New Techologies - JPMNT-International, Republic of Srbia, ISSN: 2334-7449 (Online), as Special Edition Vol. 7. November 2014, Index Copernicus Journals Master List 2012, ICV 2012: 4.09, pp 101-104,
- “**The impact of employees dedication and their commitment to work in banks on increasing their financial performance in the Republic of Macedonia**”, Journal of Process Management - New Techologies – JPMNT - International, 2014, Republic of Srbia, ISSN: 2334-7449 (Online), as Special Edition Vol. 4. November 2014, Index Copernicus Journals Master List 2012, ICV 2012: 4.09, pp 166-170,
- “**The impact of strategic human resource management on organizational performance**”, Conference of strategic management, University of Belgrade, Srbija, 2014, accepted in the EBSCO Host base, ISBN: 978-86-6305-019-8 p. 227-237

- **“The impact of performance planning of employees on the competitiveness of organizations in crisis conditions”** ,UniversityEducons, 2014 , UDK: 338.124.4:330.11, ISBN: 978-86-87785-52-6, p. 321-328

**Позначајни трудови до избор за Доцент:**

- “**Crisis as a factor for appearance of conflicts between labor force in organizations and strategies to overcome them**”, UniversityEducons, 2013, UDK: 338.124.4:330.11 ISBN: 978-86-87785-45-8, p.129-135
- **“Forein direct investment as a factor for raising the level of living standard”**, International ScientificConference on economic development and standard ofliving “EDASOL 2012 - Economic development and Standard of living”,Pan-European University Apeiron, Banja Luka, 2012, ISBN 978-99955-49-93-0, p.18-26
- **“How corporate culture can influence financial performance of banks**”, May conference on strategic management, University of Belgrade, Bor, Srbija, 2012, ISBN: 978-86-80987-96-5, p.929-934
- “**Frustration of working as a problem of human resources management”,** UTMS Journal of Economics, 2012, Print ISSN: 1857-6974, Electronic ISSN: 1857-6982, p.193-198
- **“Support in the development of small and medium enterprises”,** International Conference for Strategic Management, Zajecar, Serbia, 2011, ISBN: 978-86-80987-85-9, p.620-628
- **"A regular human potential in companies as a comparative advantage over competitors,"** International Scientific Conference - Knowledge as capital for the future, ISBN: 97899-295-4-8, Ohrid, 2009
- **"The problems that set the fluctuation of the workforce in the human resource management"**, International Scientific Congress, University of Tourism and Management, Skopje, 2009, p.272-281

**Книги:**

- **Менаџмент на перформанси,** Факултет за економски науки, ФОН Универзитет, Скопје, 2015
- **Водич за иновации и претприемништво,** Project “Taking the road to employment – developing new skills and knowledge for unemployed persons, 2016
- **Управување со резултати,** Факултет за економски науки, АУЕ-ФОН Универзитет, Скопје, 2023

**Прирачници:**

- Campaigning manual For Civil Society Organizations in Macedonia that work in the field of environmental protection and sustainable development, Skopje, 2018
- Manual for climate investments of the private sector, FAO, 2022

Вонреден проф. д-р Ирена Ашталкоска е позитивно оценувана во постапките за самоевалуација на Универзитетот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на пристигнатите документи, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот вонр. проф. д-р Ирена Ашталкоска со својот научен и стручен придонес во континуитет придонесува за развојот и афирмацијата на науката во областа на бизнис менаџментот и управувањето со перформансите.

Д-р Ирена Ашталкоска е исклучително плоден научен работник кој постигнал, досега, завидни резултати во својата работа. Од увидот во нејзината досегашна работна биографија, можевме да се увериме дека таа располага со богата стручна, научна и педагошка работа од областа за која се пријавува за што сведочи и нејзиното работно искуство на два универзитети.

Комисијата цени дека кандидатот д-р Ирена Ашталкоска ги исполнува пропишаните законски норми за избор во наставно-научно звање, бидејќи таа го поседува потребното стручно и научно искуство што е неопходно за обавување на наставно-научната дејност од областа на бизнис менаџмент и управување со перформанси согласно распишаниот конкурс.

Според тоа, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно Научниот совет на Факултетот за економски науки на Американскиот Универзитет на Европа - ФОН, да го избере кандидатот д-р Ирена Ашталкоска за наставник во областа на бизнис менаџмент и управување со перформанси во звањето – **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР**.

**Скопје,**

**26.10.2023**

**Рецензентска комисија:**

**Проф. д-р Роберт Димитровски -**

**претседател,**

**Проф. д-р Кирил Постолов - член,**

**Емеритус Проф. д-р Мирко Трипуноски - член.**

# РЕФЕРАТ

**за избор на наставник на Факултетот за информатика при Американскиот Универзитет на Европа - ФОН во Скопје**

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при АУЕ-ФОН – Скопје на својата 10 седница одржана на 29.06.2023 година донесе одлука за распишување на конкурс за избор во звање за два наставници на Факултетот за информатика при АУЕ- ФОН.

Конкурсот е објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 15.09.2023 година, согласно член 172 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите звања од научната област Информациони системи и мрежи се пријави кандидатот д-р Ќире Јаќимоски, вонреден професор на Факултетот за информатика при АУЕ-ФОН.

На својата прва седница одржана на 10.10.2023 година, Наставно-научниот совет формира Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од научната област Информациони системи и мрежи, во состав: проф. д-р Оливер Илиев, редовен професор на Факултетот за информатика при АУЕ-ФОН, претседател, проф. д-р Славчо Чунгурски, редовен професор на Факултетот за информатика при АУЕ-ФОН, член и проф. д-р Митко Богдановски, редовен професор на Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“, член.

По разгледувањето на поднесените документи на кандидатот, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика да му го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. Д-Р ЌИРЕ ЈАЌИМОСКИ

### 1.1. Биографски податоци

Кандидатот Ќире Јаќимоски е роден на 17.11.1979 година во Гостивар, Р. Македонија. Основно образование завршил во ОУ „Гоце Делчев“, Гостивар, а потоа своето средно образование го завршил прогласен како ученик на генерација во јуни 1998 година во гимназијата „Панче Попоски“, природно-математичка насока во Гостивар. Истата година во учебната 1998/99 тој се запишал на Воената Академија „Генерал Михајло Апостолски“, Скопје, Р. Македонија, на родот Врски (телекомуникациска област). Студирањето го завршил на 26.07.2002 година со највисок просек во генерацијата - 9,41 и со изработка на дипломска работа со наслов *„Геоинформацискиот систем во телекомуникациите“.*

На 12.02.2003 година се запишал на постдипломски студии на Институтот за телекомуникации на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија под менторство на проф. Борис Спасеновски. Во период од 3 години на 07.04.2006 година ги завршил предвидените испити со средна оцена 9,5 и успешно го одбранил магистерски труд со наслов *„Анализа на влијанијата на конфигурациите на антените од базните станици и*

*конфигурациите на сајтовите од базните станици на клучните параметри во WCDMA целуларните мрежи“* на 08.06.2007 година.

